**ЗАПИСНИК**
**од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 24.06.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: д-р Методија Јанчески

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, м-р Горјан Шеќеринов.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 25-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски информираше дека г-дин Јанчески е отсутен. За претходната седница тој најавил дека нема да биде присутен поради болест на неговиот татко додека за денешната седница рече дека не оствариле телефонски разговор така што причината ќе ја дознаат подоцна.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за" го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.06.2020 година.
2. Предлог-упатство за лимитите за платено полититичко рекламирање за Изборите во 2020 година.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.06.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-упатството за лимитите за платено политичко рекламирање за Изборите во 2020 година објасни дека станува збор за нова верзија на Упатството поради Уредбата на Владата која беше донесена доцна навечер на 22.06.2020 година, последниот ден од вонредната состојба.

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-упатството за лимитите за платено политичко рекламирање за Изборите во 2020 година. Објасни дека со новата Уредба има една клучна измена во Упатството што Советот претходно го усвои и притоа информираше дека и Владата останува на ставот дека БЕСА не може самостојно да користи платено политичко рекламирање бидејќи не е учесник во изборниот процес. Измената во Упатството се состои во тоа што коалициите од власта, подносителите на листи од власта 6-те минути ги делат по 3 минути, но можат да користат и повеќе време ако изрично едната партија и го отстапи времето на другата партија. Што се однесува за партиите од опозицијата, односно подносителите на листи од опозицијата тие исто така можат да користат 3 минути, но бидејќи има само еден подносител на листа тоа е коалицијата на ВМРО ДПМНЕ тие можат да користат само 3 минути и не можат да користат повеќе од таа минутажа бидејќи немаат од кого да добијат дозвола ако сакаат да користат повеќе од 3 минути. Оттаму останатите 3 минути кои се определени за вториот во наводници опозиционен блок остануваат неискористени. Што се однесува на 2-те минути за малите политички партии, објасни дека повеќе големи медиуми како ТВ Канал 5, ТВ Сител, РА Антена 5 и други, заради тоа што ги изгубија 3-те минути од опозицијата и заради тоа што сите медиуми во Македонија имаат иста цена без оглед на цената на реално чинење на рекламниот простор, донеле уредувачка политика како на пример ТВ Сител дека на ниту една политичка партија нема да и дозволи реклами помеѓу 19 и 23 часот, бидејќи платеното политичко рекламирање им го намалува рејтингот и на тој начин би изгубиле и од комерцијалните реклами, односно гледачите би ја напуштиле нивната програма. Истата ситуација е и со РА Антена 5 бидејќи во тој период имале емисии од спонзори. Од таа причина поделбата што беше направена со табелата за малите партии би паднала во вода бидејќи најголемите медиуми нема да сакаат да ја реализираат таа табела со тие саати за коишто немаат намера да пуштаат реклами за ниеден учесник во изборниот процес. Затоа таа табела во сегашното предложено Упатство е отстранета и оставено е на самите радиодифузери рамноправно да ги распределат тие 2 минути на 12-те учесници во изборниот процес коишто беа на списокот во табелата од претходното Упатство.

Г-дин Петрушевски најави дека пред да започнат со дискусијата по точката ќе даде еден предлог. За себе направил една прочистена верзија на Уредбата и го видел тоа што претходната вечер го забележале г-дин Трајчевски и новинарот од ТВ 24 Вести во емисијата дека е предвиден изборен молк само за 13 и 14 јули, но не и за 15 јули. Според него ова може да се реши хипотетички со еден час нова вонредна состојба, да се состане Владата и да го поправи пропустот бидејќи се работи за голема грешка - било кој медиум на денот на изборите да пропагира за одредена партија или да дава информации, Агенцијата нема законска основа да реагира. Од таа причина предложи директорот на Агенцијата по завршување на седницата да упати соопштение за да има можност ова да се поправи бидејќи е многу голема грешка. Предложи во соопштението да не се наведуваат детали кој да прогласи вонредна состојба и како тоа да се направи, туку дека

има потреба ова да се коригира. Исто така ако има и други забелешки кои ќе произлезат од дискусијата и тие да се вградат во соопштение по седницата.

Г-дин Фетаи рече дека на почеток, би се надоврзал на дискусијата што ја имал на седницата кога за прв пат се усвојуваше Методологијата, па потоа се менуваше Упатството, па сега по трет пат. Тогаш рекол и сите се согласиле дека колку и да имаат резерви како треба или не треба, дали се исполнуваат стандардите и обврските за кои Советот смета дека би требало да се исполнуваат, Советот и Агенцијата како регулаторно тело се обврзани да го почитуваат Законот. Така и во овој момент само го имплементираат тоа што Владата го донела со Уредба со законска сила. Во текот на вчерашниот ден внимателно го слушал директорот Трајчевски кој гостувал во емисијата Топ тема на ТВ Телма каде ги искажал неговите мислења, начини и стандарди како тоа треба да биде. Рече дека никој не може на Советот и на директорот да им забрани како да мислат, како стручно тоа би требало да биде и како не е, но тоа не е доволно за да се смени таа ситуација. Согласно тоа, го разгледал Предлог-упатството и според него тоа е производ на Законот што мора да го спроведат и со тоа да има исполнување на законските обврски. Бидејќи табелата е отстранета, тоа значи дека нема да има ротација туку како ќе се појават заинтересирани партии медиумот сам ќе оцени каква е состојбата помеѓу нив и колку има барања. Ако се појавила само една партија, така ја разбира идејата, медиумот ќе и даде две минути, ако се појавиле 3 партии тогаш тие две минути ќе ги подели на трите партии. Во таа насока побара од раководителката Јаневска да го поправи доколку греши во дадениот пример. Во врска со она што г-дин Трајчевски го кажал за уредувачката политика на двете телевизии, ТВ Канал 5 и ТВ Сител, дека во периодот од 19 до 21 часот воопшто нема да емитуваат ППР, рече дека тоа е нивна внатрешна одлука која можат и да ја повлечат, да ја изменат, може на некоја партија и да и дозволат реклама или пак тоа да важи за сите. Праша дали правно медиумите можат да одлучат во ударното време, во најгледаното време да објават спот од ППР само на опозицијата или на позицијата? И дали ако објават само на еден ќе биде прекршок или мора на сите, за да не биде неправеден пристап, неизбалансирано. Трето за изборниот молк, рече дека е во ред тоа што г-дин Петрушевски го предложи, но се двоуми дали соопштението да оди до претседателот на државата, па до Влада, па еден час вонредна состојба. Според него, тие нема да го прифатат пропустот како нивна грешка, тие молчеливо ќе преминат преку ова. Смета дека Агенцијата може да им укаже на медиумите дека поради таков направен превид треба да внимаваат дека изборниот молк важи и за денот на гласањето. Се согласува со едно соопштение да се каже дека е констатирано како пропуст и да се испрати до Владата и до претседателот на државата. Рече дека можеби е добар и предлогот на г-дин Петрушевски како тоа да се реши, но според неговите размислувања нема да биде добиен повратен одговор.

Г-дин Трајчевски рече дека ТВ Сител од 19 до 23 часот нема да има реклами за никого, нема да фаворизира ни опозиција ниту власт. Овој медиум сам донел уредувачка политика и тоа е негово право. Ако ја промени одлуката ќе треба да им овозможи на сите кои се заинтересирани. Што се однесува до 2-те минути, прво, тие 12 помали партии, учесници во изборниот процес добиваат по 30 илјади евра и тие не можат да одат на сите национални телевизии за да максимално го искористат времето што им е дадено. Со тие пари малите партии можат да отидат на еден или два медиуми и затоа се остава слобода сами да одлучат на кој медиуми ќе одат со ППР. Од разговори со медиумите има информации дека некои многу мали партии немале пари ни за да направат политички

спот. Така што и тие 30 илјади евра кои им се можност за реклами ќе им пропаднат бидејќи немаат подготвено спотови. Во оваа ситуација, ако има заинтересираност од малите партии за рекламирање, ќе си одлучат радиодифузерите, со тоа што треба да им дадат рамноправен третман на сите, односно да не исклучат некој ако е заинтересиран да се рекламира.

Г-дин Трајчев во врска со предлогот на г-дин Петрушевски рече дека неговото мислење е дека Советот не треба да сугерира како да се реши проблемот, затоа што можеби има различни форми за негово решавање. Советот треба само да информира дека лоцирал некаков проблем, иако тој лично не го забележал. Добро е што е воочено, има време тоа да се коригира и затоа според него треба само да се посочи дека постои проблем, а каква форма на решение ќе се изнајде треба да се остави на тие што треба да го решат прашањето. Во врска со Упатството рече дека Советот секогаш постапува согласно Законот и должни се да го имплементираат она што е донесено со Уредба со законска сила иако лично според него не е принципиелно во оваа фаза да се менуваат правилата на игра, во текот на изборите пред да почне кампањата. Обврска и должност на Советот е тоа да се испочитува и да се постапи како и секогаш до сега, согласно Законот. Во делот на 2-те минути коишто медиумите сами ќе ги распределуваат, лично смета дека беше подобра варијантата кога, на некој начин, Агенцијата ги определуваше начинот и формата. Вака можеби ќе се појави проблем, можни ситуации некој да ги земе минутите на сите и на тоа треба да се прави контрола, за да сите имаат сите рамноправен пристап до тие 2 минути. Посочи дека треба да се размисли како Агенцијата ќе постапи, поради фактот што го кажал директорот, дека некои радиодифузери нема да овозможат рекламирање во одредеб период. Можеби ова решение е подобро, но може понатаму да има потреба од поголема инволвираност ако има поплака од некого дека не му било дозволено да се рекламира и дека некоја партија од тие 12 ги презела минутите на некој друг што бил заинтересиран. Во таа насока рече дека можеби би требало да се размисли подетално.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска рече дека ќе каже еден аргумент во однос на табелата. Во предлогот од директорот што е во прилог на Предлог-упатството, направен е пречистен текст на новиот член 7 од Уредбата. Уште во првата реченица од член 7 има ваква формулација: За време на изборната кампања, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат *„вкупно 15 часа на ден платено политичко рекламирање,* односно *"вкупно 14 минути дополнително време за рекламирање на реален час ..."* Објасни дека една од дилемите за табелата беше и оваа нова додавка *„вкупно 15 часа на ден платено политичко рекламирање"*. Практично е невозможно да се обезбедат 15 часа на ден, некои радиодифузери и за целиот период на кампања вкупно не успеваат да емитуваат 15 часа ППР. Претпоставува дека интенцијата во однос на овие 15 часа на ден била дека ППР треба да се распореди во 15 реални часа на ден. Во табелата имаше направен распоред во периодот од 6 наутро до 24 часот на полноќ а тоа се 18 часа. Беше направена така затоа што табелата даваше термини и за радио и за телевизија односно утринските термини како посоодветни за радио, а попладневните термини за телевизија. Објасни дека одредбата не е многу јасна и доколку интенцијата била да се ограничи бројот на часови во кои ќе се распредели ППР, ќе биле во ситуација распоредот во табелата да е спротивен на оваа нова формулација во членот 7 од Уредбата. Една од причините за отстранувањето на табелата беше и таа. Инаку стои на идејата дека втората верзија на

Упатството беше добра основа и беше добро примено од помалите партии. Многу од нив ги контактирале и ја поздравиле идејата на Агенцијата да обезбедат еднакви услови. Меѓутоа тоа беше еден од аргументите што во оваа трета верзија ја отстраниле табелата што може да се смета дека е во колизија ако интенцијата била таа. Во врска со она што г-дин Фетаи го спомена за балансот, објасни дека во Изборниот законик не се бара постигнување на баланс при ППР. Од сите облици на медиумско политичко претставување како вести, посебни информативни емисии каде спаѓаат интервјуа и дебати, само за ППР не се бара баланс затоа што тоа подлежи на пазарни односи, туку подлежи на обезбедување еднакви услови за пристап, сите да имаат можноси да закупат, но закупува тој што сака.

Г-дин Петрушевски предложи, еден добар пример од табелата пополнет, неофицијално да им го испратат на медиумите за тие што сакаат да го користат како пример, а не како обврска.

Раководителката Јаневска објасни дека сите медиуми веќе ја имаат претходната верзија на Упатството и многу од нив веќе склучиле договори со овие 12 учесници според термините кои ги имаше во претходната верзија на Упатството. Денес пристигнале и првите медиа планови според обврската на Упатството за потврдување на извештаи од ТВ Телма со договори склучени со две од тие 12 носители на листи со термините што претходно беа ставени во табелата. Објасни дека тие пристигнаа на имел адреса што е посебно креирана за изборите и од денес почнаа да стигнуваат и првите договори.

Г-дин Фетаи рече дека е во ред објаснувањето, но дилемата му била околу тоа ако во тие 2 минути истовремено како заинтересирани се појават 3 или 4 партиии, а медиумот им каже дека веќе на една партија и дал 2 минути, нема да имаат еднаков пристап. Но после укажувањето дека нивниот буџет е минимален, 30 илјади евра, не верува дека ќе дојде до условно речено, гужва, бидејќи се на некој начин ограничени. Еднаков пристап е всушност сите да имаат еднакви шанси да бидат присутни во тој период. Побара појаснување кој е последниот ден за ППР?

Г-дин Трајчевски појасни бидејќи гласањето е во среда, последниот ден за ППР е недела до полноќ.

Г-дин Фетаи рече дека тогаш во недела, ден пред молкот, политичките партии можат да бидат најзаинтересирани за рекламирање, за да им остане свежо во меморијата на гласачите. И во тој период ако дојдат 14 партии или 10 или 5 ќе биде проблем. Во врска со соопштението како да реагираат, рече дека го слушал г-дин Трајчев но побара повторно да објасни бидејќи идејата не му била до крај јасна, што мисли како да се поправи овој пропуст што е направен од страна на Владата, бидејќи е правник? И што можат Агенцијата и Советот да направат?

Г-дин Трајчев рече дека неговиот став беше дека не може Советот да кажува како да се реши проблемот туку треба да информира дека има пропуст. Не може да нуди решение, бидејќи има повеќе форми како тоа може да се реши. Се уште не го погледнал, се држи до тоа што го кажал претседателот и повтори дека не може да сугерираат како тоа да се реши бидејќи не е во нивна надлежност.

Г-дин Петрушевски рече дека примерот кој тоа може и како да го реши беше кажано меѓу нив, но во соопштението предложил да се наведе дека има проблем и дека може да се реши на таков начин, а не кој ќе го реши. Советот на Агенцијата не може да му

дава задача на Претседателот на државата, може само да го каже проблемот, да го објасни, да им укаже на медиумите да внимаваат, ама подобро е тоа да се каже сега, а не после изборите. Тоа му била поентата и смета дека овој проблем заслужува официјално соопштение од страна на Агенцијата без никому да дава задачи.

Г-дин Фиданоски смета дека ако некој друг направил грешка, не треба и тие да ја направат истата и затоа Агенцијата треба да се повика на основниот Изборен законик затоа што има и други прашања кои го засегаат изборниот молк, во смисла на објавување на истражување од јавно мислење. Таму конкретно е наведено, и исто така и во други одредби, дека до 19 часот, сега во овој случај до 21 часот до кога ќе трае гласањето, од моментот на изборниот молк не смее да се објавуваат истражувања од јавно мислење, односно и пет дена претходно. Бидејќи гласањето е продолжено смета дека треба да им се сугерира на некој начин на медиумите, повикувајќи се на праксата од минатото, дека и денот на гласањето среда 15 јули до 21 часот е ден на изборен молк, а потоа тие како сакаат нека постапат. Тоа е едниот дел. Што се однесува до Упатството, рече дека се обврзани да го усвојат, да го изгласаат вака како што е, затоа што е донесена Уредба со законска сила. Друго е прашањето дали последното Упатство што сега ќе се усвојува е најадекватно или не, но должни се да го усвојат и врз база на тоа практично ќе треба да се спроведуваат постапки што се поврзани со изборниот процес. Се согласува дека табелата е непотребна во овој момент заради тоа што може да предизвика колизија и можеби некој од медиумите ќе го смета тоа како мешање во уредувачката политика и тие самите ќе определат кога сакаат да емитуваат ППР. Од примерот на ТВ Сител што го кажал г-дин Трајчевски, тие, во тој условно induced prime time ќе исклучат ППР а тоа се однесува и за неколку други медиуми. Во врска со формулацијата 15 часа на ден платено политичко рекламирање од членот 7 од Уредбата и тој исто така ги разбира како 15 реални часа вкупно во денот каде што може да се емитува ППР ,а не како 15 вкупно часа во целата изборна кампања.

Г-дин Петрушевски рече дека од денес официјално започнува кампањата и се надева дека медиумите ќе бидат балансирани, дека ќе им овозможат еднаков пристап на сите учесници. Последните години има рапидно подобрување речиси кај сите медиуми од 90 и повеќе проценти. Тие се најверојатно посвесни од политичките партии и ги пофали бидејќи добро работат. Што се однесува до политичките партии, рече дека за жал, досега се покажа дека на дел од политичките партии добиените гласови на престојните избори им се побитни од принципите на правната држава и од напорите нашата држава да стане членка на ЕУ. Се надева дека во наредните 20-тина дена ќе го демантираат, но досега неговиот впечаток е ваков. Не сака да заземе страна да каже кои партии ама очигледно е дека изборниот резултат за нив е побитен од се друго.

Г-дин Фетаи му се заблагодари на г-дин Трајчев за дообјаснувањето. Според него најсоодветно е да реагираат кога ќе дојде време, односно пред да започне изборниот молк. Агенцијата како и секогаш објавува соопштенија и комуницира со медиумите и тогаш ќе им се обрне внимание да внимаваат дека изборниот молк трае од тогаш до тогаш.

Г-дин Петрушевски рече дека Советот досега секогаш имал став и храброст во однос на кажаното и дека и кога биле нападнати како Совет, како Агенција и директор не попуштиле ни малку и издржале во нивниот став. Смета дека последната Уредба потврдува дека биле во право, Уредбата што ја донесе Владата е многу слична на

соопштението на Агенцијата за минутите за рекламирање за БЕСА, бидејќи и Владата не и даде минути за рекламирање на БЕСА значи Агенцијата била сосема во право. Смета дека треба храбро да настапат и не треба многу да чекаат затоа што овој проблем може да се реши. Во дискусијата имаше разни предлози и го прифаќа предлогот од г-дин Трајчев дека во соопштението не треба да се кажува кој што да прави, може само официјално да се каже проблемот и не треба да се става под тепих, напротив треба сите да знаат за да има време да се реши. После во тек на кампањата може да заборават сите и на крај некој да го злоупотреби ова. Побара да се изјаснат останатите членови на Советот, г-дин Фетаи е повнимателен и предлага да се почека до пред самиот молк. Објасни дека неговиот став е да не се чека, неделава соопштението да го направи службата и директорот и тоа да се заснова на сегашните дикусии.

Г-дин Фиданоски рече дека сите дискусии што се водеа досега, и на оваа и на минатите седници и правниот метеж што се создаде во една, па во друга Уредба, нивни измени и дополнувања поврзани со оваа изборна материја покажуваат дека сегашните изборни правила се зрели за промена, некои за целосно бришење некои за видоизменување, и тоа како процес ќе треба да започне по завршување на изборите.

Г-дин Ајдини рече колку изборниот процес е сензитивна работа покажуваат и овие нивни дискусии. Во врска со соопштението рече дека го поддржува предлогот на г-дин Фетаи, во насока дека може да се даде уште малку време и соопштението да се подготви малку подоцна. Посочи дека нема потреба да се избрзува и бидејќи сите овие прашања се сензитивни треба да се почека за да не се направи некоја грешка.

Г-дин Петрушевски по завршување на дискусијата констатираше дека прашањето се остава отворено, ќе почекаат не мора да се брза, очигледно е дека немаат заедничко мислење дека треба тоа да се направи уште утре. Во врска со предложеното Упатство рече дека според дискусиите забележал дека сите го поддржуваат, немаат избор тоа е законска обврска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои новото Упатство за лимитите за платено политичко рекламирање за Изборите во 2020 година, со текст како што беше предложено, со кое Упатството бр.02-2563/3 од 19.06.2020 година, ќе престане да важи.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-2644/3**
**10.07 2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**